Здружение за заштита на работничките права **Гласен Текстилец** Штип, во рамките проектот **„Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“**, финансиран од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, а спроведуван во партнерство со Здружение ЕХО едукативно-хуманитарна организација од Штип и Здружение Иницијатива на невработени интелектуалци од Виница, **објавува:**



# Јавен повик за ревизорски услуги

**ЗА ПРОЕКТОТ:**

**НАЗИВ:** „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“

**НОСИТЕЛ**: Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ - Штип.

**ПАРТНЕРИ**: Здружение ЕХО едукативно-хуманитарна организација од Штип и Здружение Иницијатива на невработени интелектуалци од Виница.

**ДОНАТОР**: Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** 1 јули 2024 – 31 октомври 2026.

**БУЏЕТ:** 5.558.286 МКД.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ:** линк до проектот.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОВИКОТ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕВИЗОРСКИ УСЛУГИ



**НАРАЧАТЕЛ:** Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ од Штип, со седиште на ул.Сутјеска бр.59 во Штип.

## ЗАДАЧИ И КРИТЕРИУМИ

### 1. Главни задачи на правното лице за спроведување ревизорски услуги:

- ✓ Да спроведе ревизија на проектните активности и трошоци кој се имплементирани во периодот од: **01.07.2024 - 31.10.2026**;
- ✓ Да спроведе ревизија на проектните активности и трошоци кои се имплементирани во периодот од: **01.07.2024-30.06.2025** година (*I ДЕЛ*);
- ✓ Да спроведе ревизија на проектните активности и трошоци кои се имплементирани во периодот од: **01.07.2025-31.10.2026** година (*II ДЕЛ*);
- ✓ Да изготви и достави извештаи според спецификациите и стандардите опишани во „**Меѓународен стандард за ревизија 800/805**“ со вклучено ревизорско мислење за двата дела (*I и II*).

### 2. Критериуми за избор на правното лице за спроведување ревизорски услуги:

Задолжително кандидатот/тката за позицијата треба да има:

- ✓ Најмалку 3 (три) години професионално работно искуство во спроведување ревизии на граѓански организации, странски фондации, програми и проекти имплементирани од граѓански организации и странски фондации, кои оперираат во Република Северна Македонија.
- ✓ Најмалку 2 (две) претходно спроведени ревизии според стандардите специфицирани во прилог согласно барањата на донаторот.

Бодови:

| | |
|---|---|
| Портфолио на компанијата | 40 бодови |
| Капацитет за спроведување на ревизија, број на вработени и број на лиценцирани ревизори | 20 бодови |
| Финансиска понуда | 40 бодови |
| Вкупно | **100 бодови** |

## ВРЕМЕНСКА РАМКА:

Рок за доставување на понудите **31.03.2025** година**;**

Рок за избор на најповолен понудувач и известување **10.04.2025** година;

Потпишување Договор за соработка **14-16.04.2025** година;

Извршување на првата ревизија (*ДЕЛ I*): **август 2025** и на вториот дел од проектот во **ноември 2026** година.

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ



**Понудата треба да содржи:**

- ✓ Портфолио на компанијата;
- ✓ Биографии и лиценци на тим од овластени ревизори вработени во компанијата коишто ќе работат на ревизијата;
- ✓ Финансиска понуда;

**Понудите се доставуваат во електронска форма** на електронска адреса на Гласен Текстилец: **blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk**

Наслов на електронската порака: **Понуда за Ревизорски услуги за проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние понуди кои нема да бидат изработени според повикот, нема да бидат земени предвид.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ:

Благојче Дишоски: 075316108, секој работен ден во периодот од 09 до 16 часот или на електронската адреса: **blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk**

Проектот е финансиран од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Содржината на овој повик е единствена одговорност на Здружението за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“, Штип  и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.